


# ЕУ ВЕСТИ

**ЕУ ЦЕНТАР**
**јули 2023 година**
**ЕУЦ-број 85/2023**

## ШПАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2023

UE23
PRESIDENCIA ESPAÑOLA
CONSEJO DE LA UNIÓN EUROPEA

Кралството Шпанија на 1 јули 2023 година, по петти пат како членка на ЕУ, го презеде шестмесечното претседателство со Советот на Европската Унија. Актуелното „трио" на претседавањето со Советот на ЕУ, кое го сочинуваат Шпанија, Белгија и Унгарија, усвои заедничка програма со заеднички приоритети на тројката. Овој систем беше воспоставен со Договорот од Лисабон во 2009 година и започна да функционира токму со актуелното трио – Шпанија, Белгија и Унгарија од 2010 година.

Шпанија го презеде претседателството со Советот на ЕУ во втората половина годинава, од 1 јули до 31 декември, во период на големи предизвици за земјите-членки како и за Европската Унија во целина.

Шпанското претседателство во наредните шест месеци има утврдено 4 главни приоритети:

- реиндустријализација на Европската Унија,
- остварување напредок во еколошката транзиција,
- социјална и економската правда и
- зајакнувањето на европското единство.

Во рамки на првиот приоритет Шпанското претседателство ќе работи на два правца – промовирање на политики за поттикнување на развојот на стратешките индустрии и технологии во Европа, проширување и диверзификација на трговските односи на ЕУ и за зајакнување на синџирите на снабдување.

Шпанското претседателство ќе ги преземе сите неопходни чекори да се поттикне зелената транзиција, промовирање на реформа на пазарот на електрична енергија насочена кон забрзување на развојот на обновливите извори на енергија, намалувањето на цените на електричната енергија и подобрувањето на стабилноста на системот.

Во рамки на третиот приоритет Шпанското претседателство ќе се залага за воспоставување на минимални и заеднички стандарди за оданочување на претпријатијата во сите земји-членки на ЕУ и ќе се бори против даночното затајување од страна на големите мултинационални компании.

Шпанското претседателство со ЕУ ќе работи на натамошно зајакнување на Внатрешниот пазар, комплетирање на банкарската унија и унијата на пазарот на капитал, консолидација и подобрување на заедничките инструменти како што се фондовите NextGenerationEU, подобро управување со процедурите за миграција и азил, како и на координирана поддршка за Украина и други соседни земји.

Земјите од триото на 18 месечното претседателство со ЕУ (Шпанија, Белгија и Унгарија) ќе работат на унапредување на **процесот на проширување на ЕУ**, во согласност со новата методологија, заснована на извештаите на Комисијата и следејќи го пристапот заснован на заслуги, притоа имајќи го предвид капацитетот на ЕУ да апсорбира нови членки. Специфичен фокус ќе биде ставен на натамошен развој на редовниот политички дијалог со земјите кандидати од проширувањето, во согласност со Копенхашките критериуми.

https://spanish-presidency.consilium.europa.eu

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Шпанско претседателство со Советот на Европската Унија 2023 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4 |
| Прва седница на Советот за општи работи на ЕУ под новото Шпанско претседавање | 5 |
| Предвремени парламентарни избори во Шпанија | 5 |
| Исполнување на климатските цели на ЕУ | 6 |
| Предлог за измени на директивата за заштита на правата на жртвите | 6 |
| Предлог за намалување на отпадот од храна во ЕУ за 30% до 2030 | 7 |
| Да ја направиме Европа лидер во дигиталните технологии | 7 |
| Предлог мерки за намалување на емисиите на штетни гасови | 8 |
| ЕУ со нови правила за производство на батерии | 8 |
| Тужба на Европската комисија против членки на ЕУ пред судот на правдата | 9 |
| Патокази за подобро справување на ЕУ со идни здравствени кризи | 9 |
| „Аријана 5" полета на последната мисија | 10 |
| Предлог мерки на ЕК за успешна транзиција на ЕУ | 10 |
| Зголемен бројот на населението во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / септември 2023 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 10-13 јули 2023***

На јулската пленарна сесија европратениците со 498 гласа усвоија преговарачка позиција за новите правила за заштита на оние кои работат на прашања од јавен интерес, како што се основните права, активностите на јавните службеници или наводите за корупција. Според усвоениот нацрт-закон новинарите, медиумските организации, бранителите на човековите права, активистите, истражувачите и уметниците ќе бидат заштитени во ЕУ од тужби против учество на јавноста (SLAPPs), чија цел е да ги заплашат и казнуваат.

Европратениците одобрија нови правила за повеќе алтернативни бензински станици за автомобили и камиони, едноставно и лесно полнење и за почисти поморски горива. Новите правила се дел од пакетот „Fit for 55 in 2030“, планот на ЕУ за намалување на емисиите на стакленички гасови за најмалку 55% до 2030 година во споредба со нивоата од 1990 година и има за цел да го декарбониизира транспортот.

Европарламентот усвои планови за обезбедување на снабдувањето со чипови на ЕУ преку зајакнување на производството и иновациите и воспоставување итни мерки против недостигот. Новиот закон, веќе договорен меѓу Парламентот и Советот, има за цел да создаде поволна средина за инвестиции во чипови во Европа, со брзо следење на процедурите за издавање дозволи и препознавање на нивната критична важност преку таканаречениот „статут со најголемо национално значење“.

Европратениците изразија загриженост за неодамнешната изборна реформа во Полска и силно ја критикуваа „Државната комисија за испитување на руското мешање“. Резолуцијата усвоена на пленарната сесија прави преглед на последните случувања во земјата кои, според европратениците, укажуваат на натамошно назадување на европските вредности, по размената на мислења што се одржа на 14 јуни годинава.

Европарламентот усвои став за преговори со Советот за правилата за намалување на загадувањето и управување со големите агро-индустриски инсталации во зелената транзиција. Ставот на ЕП за директивата за индустриски емисии (IED) и директивата за депонирање на отпад беше усвоен со 396 гласа. За регулативата за порталот за индустриски емисии, европратениците усвоија преговарачки мандат со 563 гласа.

Европратениците ги одобрија плановите, веќе договорени со Советот, кои поставуваат нови цели за заштеда на енергија за 2030 година, како дел од Европскиот зелен договор. Земјите-членки ќе мора колективно да обезбедат намалување на потрошувачката на енергија од најмалку 11,7% на ниво на ЕУ до 2030 година (во споредба со проекциите на референтното сценарио за 2020 година). Силен механизам за следење и спроведување ќе ја придружува оваа цел за да се увери дека земјите-членки ќе го испорачаат својот национален придонес кон оваа обврзувачка цел на ЕУ.

Европратениците го одобрија барањето на Белгија за поддршка од Европскиот фонд за приспособување на глобализацијата за расепените работници (ЕГФ). Европарламентот одобри 2,2 милиони евра помош од ЕУ за 603 вработени во „Logistics Nivelles SA“, кои останаа без работа откако матичната компанија одлучи да ја затвори нивната подружница.

Европарламентот усвои мандат за преговори со Советот за правилата за борба против насилството врз жените. Мандатот подготвен од комитетите за граѓански слободи и права на жените вклучува дефиниција за силување заснована на согласност, построги правила за сајбер насилството и подобра поддршка за жртвите.

Европратениците на пленарната седница го усвоија извештајот подготвен од Комитетот за животна средина, јавно здравје и безбедност на храна (ENVI) за ревидирање на рамката за екодизајн на ЕУ за одржливи производи, со 473 гласа. Ажурирањата на софтверот, потрошен материјал (на пр. касети со мастило, сијалици), резервни делови и додатоци мора да бидат достапни во соодветен период. Текстот бара од Комисијата да даде приоритет на поставувањето барања за одржливост за голем број

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

за екодизајн, како што се железо, челик, алуминиум, текстил, мебел, гуми, детергенти, бои, лубриканти и хемикалии. Европратениците бараат и конкретна забрана за уништување на непродаден текстил и електрична и електронска опрема.

Европратениците го повикаа Советот да го одобри пристапот на Романија и Бугарија во Шенген зоната за слободно патување до крајот на 2023 година. Во резолуцијата усвоена со 526 гласа Европарламентот нагласува дека двете земји веќе ги исполниле потребните услови за да бидат примени во Шенген.

Европарламентот направи преглед на нацрт-договорот на Комисијата за независно етичко тело за институциите на ЕУ, критикувајќи ја нејзината недоволна амбиција. Во резолуцијата усвоена со 365 гласа ЕП го нарекува нацрт-договорот за етичкото тело „незадоволителен и недоволно амбициозен, недоволно за вистинско, етичко тело“ како што беше предвидено од ЕП веќе [пред две години](#).

Во текот на изминатата година, Специјалниот комитет на Европскиот парламент за пандемијата со Ковид-19 го анализираше влијанието на кризата, ја оцени ефективноста на ЕУ и националните мерки и даде конкретни препораки за решавање на празнините и слабостите во нивните активности. Европарламентот расправаше за извештајот и го усвои текстот со 385 гласа. Европратениците наведоа јасен патоказ за идни активности во четири главни области: здравје, демократија и основни права, социјални и економски аспекти и глобален одговор на пандемијата.

Европарламентот усвои став за законот на ЕУ за обновување на природата со 336 гласа. Европратениците потенцираат дека обновувањето на екосистемот е клучно за борба против климатските промени и загубата на биолошката разновидност и ги намалува ризиците за безбедноста на храната.

Европскиот парламент усвои три резолуции за состојбата со човековите права во Венецуела, Киргистан и Индија.

Европратениците ги усвоија плановите за зголемување на производството на муниција и ракети во ЕУ за да се реши тековниот недостиг. Според текстот, [договорен со Советот](#), Актот за поддршка на производството на муниција (ASAP) има за цел да ја забрза испораката на муниција и ракети во Украина и да им помогне на земјите-членки да го дополнат својот арсенал.



Во усвоениот извештај Европарламентот повикува на ефективни системи за мониторинг и надзор за откривање на странско мешање во неговата активност. Обидите за мешање во демократијата се „раширен феномен на кој мора да се спротивстави што е можно посилно“, предупредуваат европратениците во нивните препораки за реформа на правилата на Европскиот парламент за транспарентност, интегритет, одговорност и антикорупција.

Европратениците со кревање рака усвои резолуција со која се бара од земјите-членки и Фронтекс да обезбедат доволен капацитет во однос на бродови, опрема и персонал посветен на SAR и попроактивен и координиран пристап со цел ефективно спасување животи на море.

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 13 јули 2023 година оствари средба со министрите за надворешни работи на Република Австрија, Александер Шаленберг, на Чешката Република, Јан Липавски и на Словачката Република, Мирослав Влаховски.

На средбата Џафери ја реафирмира посветеноста на земјата на европските интеграции. На крајот од средбата учесниците искажаа согласност дека политиките на Република Северна Македонија се целосно усогласени со Европската надворешна и безбедноста политика и дека давањето на целосна политичка и материјална поддршка на Украина е високо почитуван гест од Европската Унија.

www.sobranie.mk

На 18 јули 2023 година претседателот Џафери, заедно со потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи на СДСМ и коалицијата, ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, ДУИ, Алијанса за Албанците и претставници на политичките партии Алтернатива и БЕСА, оствария средба со Ана Лирман, министерка за Европа на Сојузна Република Германија, Лоренс Бун, државна секретарка задолжена за Европа при Советот на министри на Француската Република и Шимон Шинковски вел Сенк, министер за европски прашања на Република Полска.





На 10 јули 2023 година Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања одржаа заедничка седница, на која амбасадорот на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија, Н.Е. Хозе Луис Лозано Гарсија ги презентираше програмата и приоритетите за работата на Шпанското претседателство со Советот на Европската Унија за периодот јули - декември 2023 година. Учесниците на седницата едногласно изразија благодарност за досегашното претседавање на Шведска.

Пратеникот Тони Јаревски, член на Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Северна Македонија на 19 јули 2023 година учествуваше на виртуелен состанок посветен на Единствениот дигитален пазар на ЕУ- Можности за земјите кандидати за ЕУ во организација на Комисијата за внатрешен пазар и заштита на потрошувачите на Европскиот Парламент. На состанокот учествуваа и пратеници од Европскиот Парламент и пратеници од националните парламенти на земјите кандидати за членство во Европската Унија.






На 13 и 14 јули 2023 година во хотел Радика, Леуново, се одржа работилница за развивање на модел на собраниски календар. Собранието е вклучено во активности за долгорочно планирање на своето работење и тоа како на распоредот на пленарните и комисиските расправи така и на другите активности, со цел да се овозможи предвидливост на законодавната агенда, поголема транспарентност и планирање на можностите за вклучување на јавноста, ефикасност и ефективност на законодавната власт.

## ПРВА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ ПОД НОВОТО ШПАНСКО ПРЕТСЕДАВАЊЕ



Приоритетите на шпанското претседателство со ЕУ, среднорочната ревизија на Буџетот на Унијата, Годишниот извештај на Комисијата за владеење на правото и претстојната евалуација на годишниот дијалог на Советот за владеење на правото, беа главните точки на седница на Советот за општи работи (ГАК) на ЕУ, која се одржа на 10 јули 2023 година, во Брисел.
На седницата шпанското претседателство ги презентира приоритетите на својот мандат, кои опфаќаат „реиндустријализација на ЕУ" и обезбедување нејзината стратешка автономија, напредок во спроведувањето на зелената транзиција и заштитата на животната средина, промоција на поголема социјална и економска правда и зајакнување на европското единство.
На состанокот членовите дискутирaa и за политиката за среднорочна ревизија на Повеќегодишната финансиска рамка 2021-2027 година, беа презентирани и плановите на Шпанија во својство на претседавач за евалуацијата на годишниот дијалог на Советот за владеење на правото.
Министрите го разгледаа и Извештајот на Европската комисија за владеењето на правото во ЕУ за 2023 година, како и нејзиниот предлог за формирање на Меѓуинституционално тело за етика.
Во рамките на ГАК, беа разгледани и неколку договори меѓу ЕУ и трети земји, планот за пристапување на Унијата кон Меѓународната рамка за управување со хемикалии и отпад, како и Одлуката за обезбедување макрофинансиска помош за Северна Македонија.
Со седницата претседаваше шпанскиот државен секретар за Европската Унија, Паскуал Игнасио Наваро Риос. За време на работниот ручек, потпретседателот на Европската комисија и еврокомесар за меѓуинституционална соработка Марош Шефчович го презентира Стратешкиот извештај на ЕК за 2023 година.

https://newsroom.consilium.europa.eu

## ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ШПАНИЈА




На 23 јули 2023 година во Шпанија се одржаа предвремени парламентарни избори на кои најмногу гласови освои опозициската Народна партија. Конзервативниот лидер и врвен кандидат на Народната партија (Partido Popular, PP), Алберто Нуњес Феихо, прогласи победа и очекува да застане на чело на новата влада. Народната партија освои 136 места во парламентот, 47 повеќе од претходните избори, додека Социјалистичката работничка партија на Санчез (Partido Socialista Obrero Espanol) освои само 122 места. Во оваа ситуација на четвртата по големина економија во Европската Унија, која моментално претседава со Советот на ЕУ не се исклучува дури ни политичка блокада, каква што настапи веќе по изборите во 2015 и 2019 година, што во двата случаи налагаше потреба од втора рунда избори.
Иако гласањето беше среде лето, во ден кога температурите во земјата достигнуваа и до 40 степени, излезноста на изборите надмина 70%.

https://www.euronews.com

## ИСПОЛНУВАЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ЦЕЛИ НА ЕУ



Европската Унија треба да инвестира дополнителни 620 милијарди евра (675 милијарди долари) годишно за да ја приспособи економијата на блокот за климатските промени, соопшти Европската комисија.
Поголемиот дел од трошоците треба да доаѓаат од приватни фондови, но јавните пари „за поризични пробивни проекти за одржливост“ можат да го предводат патот, истакна на прес-конференција потпретседателот на Европската комисија, Марош Шефчович на 6 јули 2023 година.
ЕУ сака да стане јаглеродно неутрална до 2050 година и да го оддалечи економскиот раст од ресурсите како фосилните горива во стратегијата наречена Зелен договор на ЕУ.
За да се постигне ова, Комисијата ги пресмета дополнителните инвестиции што треба да се направат како додаток на 578 милијарди евра од буџетот на ЕУ што треба да се потрошат за периодот од 2021 до 2027 година.
Потребно е и финансирање од приватниот сектор за да се обезбедат долгорочните енергетски потреби на блокот и да се стави крај на долгогодишната зависност од руските фосилни горива, нагласи Комисијата.
Извршната власт на ЕУ предвидува проширена улога на Европската инвестициска банка да инвестира во критични технологии како што е производството на обновливи извори на енергија и да поттикнува повеќе трошења во приватниот сектор.
Реформата на финансиските пазари на блокот и олеснувањето на инвестициите во ризичен капитал треба да бидат приоритет за да се развие потребното приватно финансирање, додаде комисијата.

https://carbon-pulse.com

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНИ НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ЖРТВИТЕ



Европската комисија предлага измени во постоечката Директива за заштита на правата на жртвите, со цел да се зајакнат нивните права, да им се обезбеди поддршка и пристап до релевантни информации и правда и да добијат отштета, соопшти на 12 јули 2023 година Еврокомисијата.
Со предложените измени се ажурираат воспоставените правила во Директивата за заштита на правата на жртвите од 2012 година во согласност со потребите на современото општество и развојот на технологијата и правдата.
Со реформите на Директивата треба да се гарантира подобро информирање на жртвите за нивните права и обезбедување на потребните ресурси за да го пријават кривично дело, особено преку воспоставување единствена телефонска линија за помош на жртвите во ЕУ на бројот 116 006, како и активирање на веб-страница за да им се овозможи разговор и електронска комуникација.
За зајакнување на безбедносните мерки приспособени на специфичните потреби на ранливите категории, како деца, постари лица, лица со попреченост, жртви на насилство од омраза или жртви во притвор, предлагаме подобрување на индивидуалната проценка на потребите за заштита на жртвите со обезбедување таа да започне уште од првиот контакт со властите и да се прошири листата на расположливи мерки за заштита, како на пример наредби за заштита или обезбедување присуство на органи за спроведување на законот, се наведува во соопштението. По усвојување на измените согласно со процедурите во Унијата, земјите-членки на ЕУ ќе имаат рок од две години да ги имплементираат во нивните национални законодавства.

https://ec.europa.eu

## ПРЕДЛОГ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ОД ХРАНА ВО ЕУ ЗА 30% ДО 2030



На 5 јули 2023 година, Европската Комисија претстави еден од најочекуваните пакети од страна на засегнатите страни во земјоделството, кој се однесува на „одржлива употреба на клучните природни ресурси", како што се почвата и растителните репродуктивни материјали.
Пакетот - кој беше одложен за еден месец - вклучува предлози за намалување на отпадот од храна како дел од ревизијата на Рамковната директива на ЕУ за отпад, која е во сила од 2008 година.
Според предложената шема на извршната власт на ЕУ, земјите-членки ќе бидат законски обврзани да го намалат целокупниот отпад од храна во продавниците, ресторанite и домаќинствата за 30% по глава на жител до крајот на 2030 година, врз основа на бројките од 2020 година. Дополнително, ќе се воспостави обврзувачка цел за намалување од 10% за да се справи со отпадот од храна за време на преработката и производството на храна.
Земјите-членки ќе можат да ги изберат „најсоодветните мерки" за исполнување на овие цели, објасни потпретседателот на Европската комисија Франс Тимерманс при презентирањето на предлогот.
Според бројките на Комисијата, 59 милиони тони храна се фрлаат во ЕУ секоја година - што претставува проценета загуба од 132 милијарди евра. Најголем дел од отпадот од храна се создава во домаќинствата, додека секторите за преработка и производство – активности помеѓу бербата и конечната продажба – го заземаат второто место.

https://www.euractiv.com

## ДА ЈА НАПРАВИМЕ ЕВРОПА ЛИДЕР ВО ДИГИТАЛНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ




Сакаме да ја направиме Европа лидер во глобалното истражување, дизајн, тестирање и производство на полупроводници и во тој контекст отвораме ново поглавје со усвојувањето на Законот за чипови, кој формално ќе стапи во сила на есен, изјави претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен, при посетата на белгиската компанија за производство на наноелектронски и дигитални технологии ИМЕЦ.
Законот за чипови веќе генерира неверојатен моментум. Откако го предложивме европскиот Закон за чипови во февруари минатата година, најавени се повеќе од 90 милијарди евра индустриски инвестиции во Европа. На пример, 12 милијарди евра за постројка за пакување и тестирање на полупроводници во Полска и 30 милијарди евра за две фабрики во Магдебург во Германија. Но, гледаме инвестиции и во Даблин, Катанија, Гренобл и Дрезден, истакна Фон дер Лајен.
Според неа, со овој закон ќе се обезбедат конкретни можности за финансирање на изградба на капацитети за производство, истражување и развој на дигитални технологии, како и создавање на солидна мрежа за соработка ширум земјите од Унијата.
Фон дер Лајен нагласи дека развојот на овие технологии не е само неопходен за имплементација на зелената и дигиталната транзиција на ЕУ и за раст на европските економии, туку тој има и свој дополнителен геополитичкиот контекст.

https://www.euronews.com

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ШТЕТНИ ГАСОВИ




Европската комисијата предложи мерки за намалување на емисиите на штетни гасови во транспортниот сектор, преку создавање на поефикасен и поодржлив товарен транспорт, подобро управување со железничката инфраструктура, давање поголеми стимулации за еколошки камиони и подобрување на информациите за степенот на емисии на стакленички гасови во товарниот транспорт.
Целта на ваквите мерки е да се зголеми ефикасноста во секторот и да се придонесе за остварување на целта за намалување на емисиите на штетни гасови од транспортот за 90% до 2050 година, согласно со предвиденото во Европскиот зелен договор, но истовремено и да се овозможи натамошен раст на единствениот пазар на ЕУ.
Предложената регулатива има намера да ја оптимизира искористеноста на железничката инфраструктура преку подобра прекугранична координација и привлекување повеќе товарни компании во железницата.
Од дополнителните железнички услуги корист ќе имаат патниците, бидејќи капацитетот на мрежата ќе биде подобро искористен и ќе се подобрат услугите и преку овозможување повеќе железнички линии и порано резервирање билети, истакнува Комисијата.
Според статистичките податоци, околу 50% од железничките товарни транспорти се прекугранични, а лошата координација доведува до застој на границите, доцнење и го попречува функционирањето на единствениот пазар.
Предложените мерки за подобра искористеност на капацитетот на железничката инфраструктура се надоврзуваат на Проектот за промена на возниот ред, со цел подобро да се одговори на различните потреби на железничкиот сектор.

https://ec.europa.eu/commission

## ЕУ СО НОВИ ПРАВИЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА БАТЕРИИ



На 10 јули 2023 година земјите-членки усвоија нова ЕУ регулатива за батерии, нови правила кои имаат за цел да ги направат батериите произведени во ЕУ поодржливи и поконкурентни.
Регулативата го опфаќа целиот животен циклус на батериите, од ископување суровини до рециклирање и ја заменува сега веќе застарената директива за батерии од 2006 година. Според проценките на ЕУ, глобалната побарувачка за батерии треба да се зголеми за 14 пати до 2030 година, при што се очекува ЕУ да има 17% од таа побарувачка. Законот беше поддржан со големо мнозинство од земјите-членки на ЕУ, а само Бугарија и Словенија беа воздржани.
Ревидираната регулатива за батерии има за цел да го зајакне новиот пазар на батерии во блокот, бидејќи Европа сака да се натпреварува со гигантите за батерии од Азија и САД.
Батериите за електрични возила, преносливите батерии од мобилните уреди и индустриските батерии ќе бидат предмет на новите правила. Батериите увезени во блокот ќе треба да ги исполнуваат новите строги стандарди.
„Новите правила ќе ја промовираат конкурентноста на европската индустрија и ќе обезбедат дека новите батерии се одржливи и ќе придонесат за зелената транзиција", истакна Тереза Рибера, министерка за еколошка транзиција на Шпанија, која моментално претседава со ЕУ.

https://www.euractiv.com

## ТУЖБА НА ЕК ПРОТИВ ЧЛЕНКИ НА ЕУ ПРЕД СУДОТ НА ПРАВДАТА



Европската комисија на 14 јули 2023 година донесе одлуки да поднесе тужби против Шведска, Естонија, Луксембург, Италија, Кипар, Малта, Унгарија и Полска пред Судот на правдата на ЕУ поради неусогласување или непочитување на регулативите на Европската Унија.
Шведска се товари дека не успеала во целост да ги примени правилата на ЕУ за техничките спецификации за алармно и сигнално оружје, Естонија поради неусогласување на националното законодавство со Директивата за поефикасно спроведување и обезбедување на правилно функционирање на внатрешниот пазар, додека Луксембург е обвинет за несоодветно усогласување со Директивата против даночно затајување.
Италија е обвинета дека не ја прекинала дискриминацијата на странските предавачи, а Кипар и Малта се товарат за несоодветна имплеметација на правилата на ЕУ за признавање на професионалните квалификации. Унгарија е дадена на Судот на правдата поради правилата за воведување фиксни цени за градежни материјали, а Полска поради забраната за аптеките да се рекламираат.
Земјите-членки на ЕУ беа обврзани да усвојат препораки и мерки за целосно усогласување со Директивата ЕЦН+ до 4 февруари 2021 година, Естонија досега не доставила до Брисел никакви одлуки во тој правец, поради што Европската комисија одлучи да ја тужи земјата пред Судот на правдата на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ПАТОКАЗИ ЗА ПОДОБРО СПРАВУВАЊЕ НА ЕУ СО ИДНИ ЗДРАВСТВЕНИ КРИЗИ



На јулската пленарна сесија со 385 гласа Европскиот парламент усвои Патокози за зајакнување на Европската здравствена унија и за подобрување на капацитетите на националните здравствени системи на членките на ЕУ за справување со идните предизвици и евентуални нови здравствени кризи.
Патоказите се подготвени од страна на Специјалниот комитет на Европскиот парламент за пандемијата со Ковид-19, кој го анализираше влијанието на корона кризата и ја оценуваше ефикасноста на ЕУ и националните здравствени системи и врз основа на тоа состави конкретни препораки за надминување на недостатоците и слабостите во нивните активности.
Патоказите за идни активности се базираат на четири главни области – здравствениот систем, почитување на демократијата и основните права, влијанието врз социјалните и економските аспекти и глобалниот одговор на ковид пандемијата.
Клучните препораки опфаќаат поголема стратешката автономија на ЕУ при обезбедувањето лекови, транспарентност при заедничките набавки и посилна парламентарна контрола на спроведувањето на законските акти поврзани со вонредни состојби, како на ниво на ЕУ, така и на национално ниво.
Европратениците бараат максимално искористување на средствата наменети за закрепнување на единствениот европски пазар од последиците од ковид кризата и подобра глобална координација во изработката на идниот меѓународен договор за пандемии.

https://www.europarl.europa.eu

## „АРИЈАНА 5“ ПОЛЕТА НА ПОСЛЕДНАТА МИСИЈА



Европската ракета „Аријана 5“ на 5 јули 2023 година за последен пат полета од Француска Гвајана, носејќи два воено-комуникациски сателити, но и оставајќи ги своите земји-основачки со вакуум во независниот пристап до вселената првпат по повеќе од четири децетлетија.
Мисијата за поставување на францускиот сателит „Сиракуз 4-Б“ и германскиот „Хајнрих Херц (Х2Сат)“ во геостационарната орбита го означува крајот на програмата „Аријана 5“ по 27 години работа. Ова беше 117-та и последна мисија за тристепената, 53 метри висока ракета што ја напушти лансирната рампа на космодромот „Куру“ во 19 часот по локално време. Оперативната употреба на нејзиниот наследник - „Аријана 6“ е одложена до 2024 година, поради технички причини.
До неодамна, Европа зависеше од „Аријана 5“ и носивоста од над 11 тони, како и од рускиот „Сојуз“ за средна носивост и од италијанската „Вега“ за мал товар. Москва го повлече пристапот до „Сојуз“ лани поради состојбите околу Украина. Надградената „Вега Ц“ останува приземјена по неуспехот на своето второ лансирање во декември, што предизвика „криза“, како што истакна раководителот на Европската вселенска агенција (ЕСА).
Гијом Фори, главен извршен директор на „Ербас“ - фирма-сосопственик на производителот „Аријанагруп“ со француски „Сафран“, пред извесно време изјави дека јазот ја истакнува „ранливоста“ на Европа во вселената.
Развојот на овие ракети почна во 1973 година, а првата „Аријана 1“ полета во 1979 година. Ракетата беше вклучена во неколку пресвртници во вселенскиот сообраќај, вклучувајќи го и поставувањето на телескопот „Џејмс Веб“ во 2021 година, во соработка со НАСА, Канадската вселенска агенција и европската мисија „Розета“.

https://www.euronews.com

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ НА ЕК ЗА УСПЕШНА ТРАНЗИЦИЈА НА ЕУ




ЕУ спроведува суштинска и амбициозна транзиција со цел да постигне климатска неутралност и одрживост во следните неколку децении, што ќе биде клуч за зајакнување на Отворената стратешка автономија на ЕУ и за обезбедување на долгорочна конкурентност, за одржување на моделот на социјална пазарна економија и за консолидирање на глобално лидерство на Унијата.
Ова се посочува во Извештајот за стратешко предвидување за 2023 година, кој на 6 јули 2023 година го претстави Европската комисија. Тој содржи препораки за обезбедување на одржлив развој и благосостојба на луѓето и предлага 10 конкретни активности за постигнување на поставените цели и спроведување на успешна транзиција.
За да успее, ЕУ ќе треба да одговори на неколку предизвици и да направи избори кои ќе влијаат на нашите општества и економии со досега невидени темпо и обем, се наведува во Извештајот.
Според Комисијата, во однос на растот на бруто домашниот производ (БДП), потребно е да се води сметка и за благосостојбата на луѓето, нивното здравје и заштитата на животната средина и да се одбере пристап што ќе ја зајакне отворената стратешка автономија на ЕУ. Како главни социјални и економски предизвици со кои се соочува ЕУ, во Извештајот се посочуваат геополитичките промени во светот, потребата за воспоставување нов економски модел, фокусиран на благосостојбата на луѓето и на премин кон поодржливо производство и потрошувачка, недостигот на стручна работна сила и обезбедувањето доволно финансии и од јавниот и од приватниот сектор за инвестиции.

https://commission.europa.eu

## ЗГОЛЕМЕН БРОЈ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕУ




По намалувањето на бројот на населението во 2020 и 2021 година, Европската Унија годинава регистрира зголемување на бројот на нејзините жители. На 1 јануари 2023 година, бројот на населението на ЕУ изнесуваше 448,4 милиони, споредено со 446,7 милиони на почетокот на 2022 година, покажуваат најновите податоци на Европската агенција за статистика Еуростат, објавени на 11 јули 2023 година, по повод Светскиот ден на населението.

Негативната природна промена на населението (повеќе смртни случаи отколку раѓања) се компензира со позитивна нето-миграција. Набљудуваното зголемување на населението во голема мера може да се припише на зголемените миграциски текови по пандемијата на Ковид-19, како и на раселените Украинци на кои им беше доделен статус на привремена заштита во земјите на ЕУ како резултат на руската инвазија на Украина, објаснуваат експертите.

Разгледувајќи подолг период, населението на ЕУ порасна од 354,5 милиони во 1960 година на 448,4 милиони во 2023 година. Ова претставува зголемување од 93,9 милиони луѓе.

Во последните децении, стапката на раст на населението постепено се забавува. Додека бројот на жителите на ЕУ се зголемуваше во просек за околу 0,8 милиони луѓе годишно во периодот 2005-2022 година, во 60-тите години на минатиот век нивниот просечен раст беше околу 3 милиони луѓе.

Иако населението на ЕУ накратко се намали во 2020 година за околу половина милион луѓе и во 2021 година за речиси 0,3 милиони луѓе, тоа почна да го обновува својот раст по пандемијата.

На почетокот на годинава, меѓу членките на ЕУ, Германија имала најмногу население (84,4 милиони луѓе), а Малта најмалку (0,5 милиони луѓе). Германија, Франција и Италија заедно сочинуваат речиси половина (47%) од вкупното население на ЕУ.

Додека вкупното население на ЕУ се зголеми во 2022 година, само седум земји пријавија намалување на нивното население, при што најзначајно намалување на жители има Италија (-179.419 луѓе), а најмало намалување има во Словачка (-5.920 луѓе). Зголемување на бројот на населението е регистрирано во секоја од другите земји-членки на ЕУ, па така најголемо зголемување имало во Германија (1.121.721), а најмало во Летонија (7.251). https://ec.europa.eu/eurostat

## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО ЈУЛИ 2023

1. *Закон за вештачење,
2. *Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва,
3. *Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка -



***ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2023***

1. *Состанок на Советот за општи работи, 19/9/2023, Брисел;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 11-14/9/2023, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




